# AVARICON® HEMOR
## крем

Туба, со приложен апликатор
Медицинското средство

Пред употреба задолжително да се прочита упатството за употреба, кое што содржи важни информации за корисникот.

**Состав:**
Пречистена вода, полоксамер 407, макрогол 400, течен парафин, течен екстракт од цвет на невен (*Calendula officinalis*), етанол, декспантенол, сув екстракт од лист на хамамелис (*Hamamelis virginiana*), динатриум фосфат додекахидрат, етерично масло од питомо нане (*Mentha piperita*), алантоин, натриум хијалуронат, натриум дихидроген фосфат дихидрат, хлорхексидин диглуконат

**Облик и содржина на пакувањето:**
AVARICON® HEMOR крем, 20 ml, туба, со приложен апликатор
AVARICON® HEMOR крем е со жолта до блага кафеава боја со карактеристичен мирис.

**Што е AVARICON® HEMOR и за што се користи:**
AVARICON® HEMOR кремот делува благодарение на хијалуронската киселина која во производот е присутна во облик на сол, натриум хијалуронат. Хијалуронската киселина е природна состојка која го сочинува физиолошкиот, составен дел од сврзното ткиво. Делува како структурна потпора, давајќи му на ткивото тонус и еластичност. Хијалуронската киселина помага при процесот на реепителизација и обнова на ткивото.
Кремот на AVARICON® HEMOR наменет е како помошна терапија за отстранување на потешкотиите предизвикани од надворешни и внатрешни хемороиди, за нега и регенерација на кожата и слузокожата на аналниот дел, пружајќи пријатно чувство на ладење.

**Начин на употреба на AVARICON® HEMOR кремот:**
Измијте ги рацете пред и по употреба на производот.
Се препорачува употреба од 2 -3 пати дневно, на чист анален дел. Кај потешкотии предизвикани од надворешни хемороиди, треба да се истисне малку крем и да се нанесе тенок слој директно на зафатените места, пожелно по празнење на дебелото црево.
Доколку хемороидите се внатрешни, апликаторот треба да се прицврсти на тубата, да се отстрани заштитниот дел и да се аплицира во анусот. Полека да се притиска тубата со тоа што кремот рамномерно ќе излегува низ страничните отвори од апликаторот на зафатените места. Со лесно ротирање на тубата се овозможува рамномерно нанесување на кремот.




PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA

По употреба, апликаторот треба да се измие со топла вода и блага сапуница и да се избрише.
Се препорачува лична употреба на препаратот.
Кремот е наменет за возрасни лица.
Време траењето на употреба на производот зависи од брзината на повлекувањето на симптомите. Континуираната употреба на AVARICON® HEMOR кремот не треба да биде подолга од месец дена. Мора да се консултирате со Вашиот лекар ако симптомите продолжат и нема подобрување.

**Кога не би требало да се користи AVARICON® HEMOR крем:**
Во случај на чувствителност на некоја од состојките на производот.

**Интеракции со други производи:**
Интеракции со други производи не се познати, затоа е потребно да се посоветувате со лекар пред употреба на AVARICON® HEMOR кремот истовремено со други медицински средства или лекови за ректална примена.

**Несакани дејства:**
Примената на сите производи за локална намена, посебно доколку е долготрајна, може да предизвика сензибилизација. Доколку дојде до тоа, обратете се кај лекар за да започнете со соодветна терапија. Доколку дојде до несакани реакции кои што не се опишани во ова упатство, известете го Вашиот лекар.

**Предупредувања:**
Да се држи вон дофат и видокруг на деца.
Да се избегнува контакт со очите. Да не се голта.

**Чување:**
Производот треба да се чува затворен, заштитен од светлина и топлина, на температура до 25°C.

**Рок на употреба:**
Назначен на кутијата
*Рок на употреба по првото отворање*
28 дена

| | | | |
|---|---|---|---|
| LOT | Број на серија | i | Пред употреба да се прочита упатството |
| ⌛ | Рок на употреба | CE 1304 | Медицинското средство |
| 25°C | Максимална температура | EC REP | Овластен претставник во Европската Унија |
| 🏭 | Производител | | |

Датум на ревизија: Мај 2019

EC REP Salus cons Kft., 6722 Szeged,
Becsi krt. 23, Hungary

Pharmanova d.o.o. Obrenovac
Industrijska 8, 11500 Obrenovac Republika Srbija

PHARMANOVA

3203201-5

PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA

| | | |
|---|---|---|
| **Naziv fajla:**<br>AVARICON Hemor krem uputstvo MAK 3203201-5 18V22 FIN PRESS.pdf<br><br>**Dimenzije:**<br>120x180 mm | **Boje:** 1/1<br>Black ■ | **Vrsta papira:** offset 60g<br>**WD lak:** /<br>**Štancna:** /<br>**Blindruk:** /<br>**Prego folija:** / |
| **Datum važenja pripreme:** | **Šifra pripreme**<br>3203201-5 | **Potpis:** |